СРПСКАТА ДИЗАЈНЕРКА ИВАНА РАБРЕНОВИЌ ЌЕ ГО ОБЛЕКУВА НАШИОТ ТИМ НА ЕВРОСОНГ

# Даниел ќе биде секси и отмен

Познатата српска дизајнерка Ивана Рабреновиќ е задолжена за тоа како нашиот годинашен евровизиски претставник Даниел Кајмакоски ќе блесне на сцената во Виена, Австрија. Таа ќе се погрижи и за трите придружни вокали и вели дека на четворицата гардероба ќе биде составена од три бои - црна, бела и сива.

- Ќе бидат облечени во црна, бела и сива, со детали во некоја јака боја. Мислам дека ни една друга боја освен овие три не може подобро и поскапо да изгледаат на камера. Тоа ми е најважно, да изгледаат скапо и комотно да се чувствуваат во тоа. Сé уште не сме пробале ништо и малку ме фаќа паника. Ама бидејќи веќе добро се познаваме знам што му треба и како ќе му стои. Сé се работи пет до 12, ама пак токму заради тоа мислам дека сé ќе биде супер.



*Тој е моја инспирација откако го запознав- Даниел и Ивана Рабреновиќ*

Во таква ситуација најдобро функционираме. Нема многу да откривам, ќе изгледа урбано, елегантно, секси, скапо и најважно отмено. Чевлите се веќе нарачани, ќе бидат рачна изработка. Нешто е купено, нешто се шие. Ќе биде супер комбинација - вели Ивана.

Даниел и Ивана се познаваат уште од "Х-фактор". Таа беше задолжена за неговиот изглед на сцена и до денес таа соработка трае.

- Тој е моја инспирација откако го запознав. Евросонг не ми е проблем, зашто за многумина сум се грижела за изгледот на сцена. Меѓу нив е Тијана Дапчевиќ, која лани ја претставуваше Македонија. Се надевам дека и оваа година ќе бидам пресреќна со успехот на Даниел, бидејќи не се сомневам дека ќе биде добар како и секогаш - вели дизајнерката. ***(В.М.)***

## Даниел: Москва ме маѓепса

Даниел викендов настапи во Москва, Русија како дел од промотивната кампања на евровизиската песна "Лисја есенски".

- Мојата прва посета во Москва е незаборавна. Маѓепсан сум. Го почувствував евровизискиот гламур на црвениот тепих. Се изненадив колку нови фанови се приклучија на нашиот фан клуб - вели Даниел.

Задутре Даниел ќе биде гостин на националната австриска телевизија ОРФ во Виена, која годинава е организатор на Евровизија. ***(В.М.)***

ЕКОЛОШКА АКЦИЈА НА "РАДИО БУБАМАРА"

# Со песна за чисто и зелено Водно

"Радио Бубамара", кое слави 20 години од постоењето, организира кампања за чисто Водно. Викендов многумина кои решија пеш да се искачат на Водно, по патеката сретнуваа познати музички ѕвезди кои со песна ја подигаа свеста за еколошки чисто Водно. Мотото на акцијата е - кој сака да собира, нека собира, а кој не сака барем нека не фрла ѓубре во природата.

- Акцијата ќе трае две недели, ќе се поставуваат многу канти со порака посетителите да не фрлаат смет, да не се сече ниедно дрво и дополнително да се пошуми. Во кампањата ќе учествуваат Игор Харе, Петар Ренџов, Џокси, "Пеперминт", "Љубојна", "Синтезис", Игор Џамбазов и други. Ќе пеат под мотото "Да ја распееме природата" и сé е со цел за чисто и зелено Водно. Последната недела ќе бидат вклучени голем број општествено одговорни компании, средношколци, студенти на кои ќе им бидат дадени кеси и ракавици за да се дочисти комплетно. Секој може да дојде со своја кеса и да собира ѓубре. Доволно е барем по три шишиња - вели организаторот Ранко Петровиќ. ***(В.М.)***




*Распеани на Водно - Верче од "Љубојна" и "Синтезис" како дел од еколошката кампања*